# ЕВРОПСКА БИТОЛА



ОПШТИНА БИТОЛА

# ЕВРОПСКА БИТОЛА

ГИГАРТ Битола

2022




Во XIX век со одлука на Султанот, Битола станала  главен европски центар во Османлиската Империја.



Го викаат „Градот на конзулите“ затоа што голем број европските држави како и некои балкански поставиле свои претставници – конзули во Битола, кои пак со себе ја донеле европската култура на живеење.



Посетата на кино и театар, читањето литература на голем број јазици, како и тоа богатите фамилии да имаат свои клавири, биле причина Битола да е позната и како „Градот на клавирите".



Ако си уморен од долгиот пат направи пауза и посети ја гостилницата каде после доброто јадење ќе можеш и да преноќиш. Велушки ан, Буковски ан, Ленски ан, им стоеле на располагање на гостите во нашиот град.



Магазата како камена тврдина стои во центарот на градот. Таа претставувала своевиден трговски центар од тоа време. Тука со камили, мазги, коњи и запрежни коли се носеле стоки од Блискиот Исток и Европа.



Покрај големиот број пазари: Ат Пазар (коњи), Маст Пазар, Пекмез (слатко) Пазар, Дрвен Пазар, во Битола има и затворен пазар Безистен, во кој биле сместени голем број на дуќанчиња. Во негова близина се наоѓа Саат Кулата по која секој ја препознава Битола.



Многу гости забележеле: „Ако сте биле во Битола и не сте прошетале низ Широк сокак ништо не сте виделе“. Не сте ги виделе пајтоните и не сте ги слушнале прекрасни серенади низ битолските улици.

# СТАРИ ЛЕГЕНДИ ЗА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

1. Пелистер
2. Кратка историја
3. Европска Битола
4. Кино, театар, забава

www.gigart.mk

'22 БИТ ФЕСТ

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

ГИГАРТ Битола